Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **Друштво за трговија, промет и услуги УБЕРТАС Доо увоз- извоз - Скопје**, за интервенција на зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши расчистување на нискостеблеста вегетација на урбано зеленило ( останато зеленило ), што се наоѓа на **ул. "Славејко Арсов" КП 2731/2 и КП 2731/1 КО Центар 2 – Скопје.**
2. Расчистувањето на нискостеблеста вегетација да го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Расчистувањето на нискостеблеста вегетација да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Друштво за трговија, промет и услуги УБЕРТАС Доо увоз- извоз - Скопје, ул. "Борка Велески" бр.6 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/413** од **15.05.2026** година, за расчистување на нискостеблеста вегетација што се наоѓа на **ул. "Славејко Арсов" КП 2731/2 и КП 2731/1 КО Центар 2 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека, заради околчување на парцелите потребно е да се изврши расчистување, односно сечење на нискостеблеста вегетација.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 10 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) останато зеленило се зелените површини или земјиште наменето за озеленување од член 1 став 2 од овој закон кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица или дадени на нивно користење.

Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се изврши расчистување на нискостеблеста вегетација, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/413/3**
**04.06.2026** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:
**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT